РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12 - 616/2

29 -06- 2021 г./v.

Врз основа на член 22 , член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019),член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител – физичко лице, на 49-а седница, на продолжението на седницата одржана на ден 09 Јуни 2021 година, донесе:

**О д л у к а**

Пријавата - поднесок бр. 12-616/1 од 08.02.2021 година на подносителот --------------------------- од ------------------------- доставена како писмено - незадоволство од Одлуката бр. 12- 1872/2 од 23.11.2020 година на Државната комисија за спречување на корупцијата, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-616 од 2021 година оформен врз основа на Пријавата - поднесок бр. 12- 616/1 од 08.02.2021 година.

Предметот со број 12-616 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-616 од 2021 година е оформен врз основа на добиена пријава – поднесок, со прилози, бр. 12-616/1 од 08.02.2021 година, од познат подносител - физичко лице, ------------------ од -------------------, со познати адресни податоци.

Со предметниот поднесок - пријава – доставена по електронска пошта од електронската адреса ------------------- се изразува незадоволство од одлуката бр. 12- 1872/2 од 23.11.2020 година на Државната комисија за спречување на корупцијата која Државната комисија ја донесе на 41-та седница, на продолжението на седницата одржано на ден 12 Ноември 2020 година постапувајќи по пријава од истиот подносител.

Со поднесокот бр. 12-616/1 од 08.02.2021 година подносителот, на одреден начин, изразува незадоволство од отфрлањето на неговата првично доставена пријава бр. 12- 1872/1 од 04.05.2020 година - против полициски службеници и други лица по однос на кои изнесува сомневања за притисоци при повикување на разговори, за омаловажувања и друго, повикувајќи се при тоа на настани што се случиле во периодот од 2005 до 2014 година кои ги опишува како терористички омаловажувања и политички и полициски притисоци за кои од него посочените лица, како што наведува, остануваат неказнети.

Со наводите и податоците кои се содржани во предметниот поднесок - пријава бр. 12-616/1 од 08.02.2021 година, како и со приложените списи подносителот не доставува нови факти и докази по кои Државната комисија би постапувала, односно врз основа на кои по однос на овој пријавен случај би се утврдила различна фактичка состојба од веќе утврдената со постапувањето по предметот со бр. 12- 1872 од 2020 година.

Имено, наводите и податоците кои се содржани во предметниот поднесок - пријава бр. 12-616/1 од 08.02.2021 година не содржат нови и/или други релевантни елементи за надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи од аспект на надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата предметната пријава не упатува на корупција - конкретни злоупотреби на службената положба и овластувањата од страна на службени лица/ избрани и именувани лица и други вршители на јавни функции,за остварување на корист, директно или преку посредник за себе или за друг преку коруптивно дејствување.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 09 Јуни 2021 година**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Изработил: Х.М., Советник
Одобрил: СПД., Член на ДКСК

Доставено до
-Архива
-Подносителот